- Сектор за социјална заштита -

Архивски број:10-4247/1
Датум:13.06.2024 година

ДО:____________________ 14 -06- 2024

Предмет: Барање постапка за јавен повик

Датум: 2024 година

1. Предмет на постапка:
2. Обука за спроведување на најдобар интерес на детето

Опис на активноста од проект – оправданоста за постапка:

- Подобрување на квалитетот на заштита на правата на деца кои се корисници на системот на заштита и згрижување, како и подобрување на процесирање и водење на постапките каде малолетни лица се појавуваат или како странки или како жртви

Специфични цели:

- Учесниците ќе се стекнат со продлабочени знаења со носење на одлуки за проценка на најдобар интерес
- Учесниците ќе се стекнат со конкретните вештини и знаења за користење на алатки како поддршка во проценка на најдобар интерес на деца
- Учесниците ќе можат да ја документираат постапката користејќи конкретен протокол за спроведување на проценката на најдобар интерес на деца

АКТИВНОСТИ

- Во процесот на испорачување на целта, Министерството за труд и социјална политика очекува консултантот да спроведе следните активности:

- Активност – Спроведување на обука

Обуката се спроведува врза Прирачник за процена на најдобриот интерес на детето изработен од страна на Завод за социјални дејности за потребите на давателите на услуги во системот на социјална заштита. Планираните учесниците се претставници на три државни институции – Министерство за внатрешни работи, Народен правобранител, и Јавното обвинителство. Проценка на бројот на учесниците е 20 лица за секоја обука одделно. Министерство за труд и социјална политика е задолжено за организирање на настанот во рамките на соработката на проектот на УНХЦР.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за социјална заштита -

Квалификации и компетенции:

- Одлично познавање на концептот за проценка на најдобар интерес на деца.
- Одлично познавање на државен систем за заштита и згрижување на деца.
- Одлично познавање на мандатите на институциите – учесници на обуки поврзани со процесирање, работење и згрижување на деца.

Финансиската понуда треба да содржи износ на надоместокот за извршување на предметниот ангажман со вклучен персонален данок на доход.

КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР:
Изборот на најсоодветниот понудувач ќе биде извршен врз основа на анализа на трите дела на понудата при што оценката ќе се врши врз основа на следното бодување во рамките на максимум од 100 поени:

- за техничката понуда и доказите (точки 1 и 3) за исполнетост на условите максимално 60 поени и тоа:

- Предлог содржина на програмата на обука врз основ – максимално 10 поени
- Листа на претходно изработени прирачници и програми од областа на проценка на најдобар интерес на деца (максимално 20 поени – до 2 изработени документи 10 поени, над 2 изработени документи 20 поени)
- Листа на професионални ангажмани во областа и претходно одржани обуки од областа на проценка на најдобар интерес на деца (максимално 20 поени – до 2 ангажмани 5 поени, над 2 ангажмани 20 поени)
- Листа на ангажмани реализирани во соработка со ОН Агенции, и меѓународни и домашни организации (максимално 10 поени - до 2 ангажмани 3 поени, над 2 ангажмани 7 поени)

- за финансиската понуда (точка 2) максимално 40 поени.

Бројот на бодови = најниска понудена цена X 40 (максимален број на бодови)/ понудена цена


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

3. Понудите се доставуваат до архивата на Министерството за труд и социјална политика ул.Даме Груев бр.14 најдоцна до 01.07.2024 година до 14 часот, во затворено плико со назнака за „ Обука за спроведување на најдобар интерес на детето“– НЕ ОТВАРАЈ, лице за контакт Марти Јовановски.

За преглед на детален Опис на задача (ТОР) и сите дополнителни информации може да поставувате прашања на следната електронска адреса: marti.jovanovski@mtsp.gov.mk

Ви благодариме однапред.

Со почит,

Изготвил: М.Јовановски
Контролирал: Д. Ивковски

Раководител на Сектор
за социјална заштита
Зихра Мемети


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk